Бр./Nr 12-596/1

29-07-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по предметот со број 12-3064/1 од 02.12.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што надлежните органи не констатирале повреда на прописите од областа на работните односи.

Предметот со број 12-3064/1 од 02.12.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-3064/1 од 02.12.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител, по електронски пат. Наводите од пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско вработување на службено лице /// која била вработена како /// без да има валидна лиценца за работа.

Со цел утврдување на состојбите за предметниот случај, ДКСК побара од Државниот инспекторат за труд на РСМ да изврши вонреден инспекциски надзор во горе посочената ЈЗУ, да ги испита наводите од пријавата и до ДКСК да достави записник од извршениот вонреден инспекциски надзор.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од страна на Државниот инспекторат за труд на РСМ до ДКСК е доставено Известување со бр. /// од /// година во кое е наведено дека не е констатирана повреда на прописите од областа на работните односи со кои е уредено воспоставувањето на работниот однос на посоченото службено лице во ЈЗУ. Наведено е дека претходно, за истиот случај постапил и Државниот санитарен и здравствен инспекторат на РСМ, како и дека при вршењето на инспекцискиот надзор, посоченото службено лице во ЈЗУ поседувало валидна лиценца. Во прилог на ова Известување, доставени се Записник за извршен вонреден инспекциски надзор /// од /// година од страна на Државниот инспекторат за труд на РСМ и Записник за извршен вонреден инспекциски надзор /// од /// година на Државниот санитарен и здравствен инспекторат на РСМ и со увидот во истите, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување од причина што надлежните органи не констатирале повреда на закон или пропис со кои е уредена материјата од областа на воспоставувањето работни односи во здравствените установи.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

| | |
|---|---|
| Изработил: | м-р Д. Д., советник |
| Контролирал: | Ј. Ц., раководител на одделение |
| Согласен: | м-р И. П., раководител на сектор |
| Одобрил: | С. С. М., член |

Доставено до:
- Архивата на ДКСК